МЕД македонско еколошко друштво
ИНФОРМАТОР
#9
Август 2009

## Соработката помеѓу МЕД и ИДСБ продолжува и понатаму...

Во периодот од 8 до 23 јули 2009 година Истражувачкото друштво на студенти биолози (ИДСБ) финансиски потпомогнато од Македонско еколошко друштво организираше петнаесетдневна комплексна истражувачка акција на Шар Планина. На акцијата активно учествуваа околу 40 студенти и средношколци чија истражувачка работа беше поделена во 10 различни секции под раководство на професори и асистенти од Природно-математичкиот факултет (ПМФ), Скопје.

Целта на истражувачката акција беше проширување на веќе постоечката база на податоци за биолошката разновидност на централниот дел на масивот Шар Планина, при што беа посетени позначајните локалитети во овој дел од планината. Паралелно, беше спроведена и едукација и воведување на младите биолози во методологијата на научно-истражувачката работа, собирање материјали, како и нивна подоцнежна обработка во лабораториите на Институтот за биологија, ПМФ - Скопје. Добиените резултати ќе бидат објавени како стручни и научни трудови.



Резултатите добиени од истражувачката акција ќе дадат делумна претстава за природните вредности на Шар Планина, пред сè за разновидноста на животински и растителни видови и габи, разновидноста на стаништата, степенот на загрозеност на одредени видови, како и откривање на нови видови во регионот на Шар Планина.



idsbiolozi@yahoo.com

Проект “Развој на национална еколошка мрежа во Република Македонија МАК-НЕН”



Програма за закрепнување на балканскиот рис



Прогрес на проектот: Осоговски Планини во Балканскиот зелен појас

Воспоставување на прекугранични планинарски патеки на Јабланица



Заштита на мршојадците во Демиркаписката Клисура

МЕД во BirdLife International



Идентификација и заштита на значајни растителни подрачја



ПРОЕКТ

# „РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНА ЕКОЛОШКА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"

Првата работилница за еколошки мрежи се одржа на 23-24 април 2009 година во Дојран, со цел да се информираат различните засегнати страни за целите и принципите на функционирање на еколошките мрежи, активностите на МАК-НЕН проектот, како и да се вклучат сите засегнати страни во реализација на проектот уште од самиот почеток, што е значајно не само заради реализација на проектните активности, туку и заради соодветно функционирање на еколошката мрежа после завршување на проектот. На работилницата учествуваа повеќе од 30 претставници од релевантни министерства, научни и стручни институции, јавни установи, невладини организации итн.

На работилницата беа презентирани информации поврзани со состојбата на биолошката разновидност во Македонија и потребата за воспоставување на еколошката мрежа; основниот концепт на функционирање на еколошките мрежи; цели и активностите на МАК-НЕН проектот; досегашниот прогрес во работата во врска со воспоставувањето на еколошката мрежа во Македонија преку презентирање на националниот систем на заштитени подрачја, реализираните активности за развој на Емералд мрежата, идентификација на Значајните растителни подрачја (IPA), Значајните подрачја за птици (IBA) и Значајните подрачја за пеперутки (PBA), нацрт студијата за состојбата на популацијата на кафеавата мечка (*Ursus arctos*) во Македонија итн.






Основниот документ за еколошки мрежи е изработен заради запознавање на сите заинтересирани страни со концептот на еколошките мрежи. Во документот е претставено детално елаборирање на меѓународната и националната правна рамка и инструменти на политиката кои го регулираат воспоставувањето на еколошките мрежи на глобално, европско и национално ниво, како и моменталната состојба во Македонија и идните активности кои треба да се преземат за воспоставање на мрежата Натура 2000, во процесот на приближување кон ЕУ.

***Еколошката мрежа е најдобар начин за заштита на биолошката разновидност бидејќи од една страна овозможува ефикасна заштита на природата, а од друга страна искористување на земјиштето и природните ресурси на одржлив начин.***

Проект координатор:
м-р Робертина Брајаноска
тел.: 02 2402 773, 2402 774
brajanoska@mes.org.mk

ECNC european centre for nature conservation
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
landbouw, natuur en voedselkwaliteit

Како резултат од спроведувањето на работилницата, беа донесени следните заклучоци:

- за имплементација на МАК-НЕН неопходна е поддршка и целосно вклучување на владините институции на национално и локално ниво, претпријатија/организации за управување со природните ресурси и намена на земјиштето, планерите и невладини организации;
- досегашните реализирани активности во Македонија претставуваат добра основа, но потребно е нивно поврзување/усогласување и доработка;
- неопходно е зајакнување на капацитетите како на МЖСПП така и на локално ниво за ефикасно спроведување на МАК-НЕН;
- потребно е итно да се започне со спроведување на процедурата за оценка на влијанието врз животната средина на определени стратегии, планови и програми (SEA) согласно Законот за животна средина која е многу важна за да се направи умно и одржливо искористување на ресурсите и земјиштето.



За време на работилницата беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу МЕД и Ловечката федерација на Македонија, што претставува добар индикатор за започнување на продуктивна соработка меѓу засегнатите страни.

*„За време на работната сесија учесниците генерираа идеи за успешна имплементација на МАК-НЕН преку идентификација на главните проблеми/пречки и предлагање можни решенија за нивно надминување, како и предлози за промовирање на МАК-НЕН на други засегнати страни."*





*Во рамките на работилницата беше организирана екскурзија на Беласица и Моноспитовско Блато.*

# ПРОГРАМА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИОТ РИС

Првата фаза од проектот “Програма за закрепнување на балканскиот рис” е веќе при крај. Предвидено е проектот да трае до октомври 2009 година. Како завршна активност од овој проект беше предвидена и работилница за изготвување на Национален акционен план за заштита на балканскиот рис. Работилницата се одржа на 22 јуни 2009 година во просториите на Клубот на пратеници во Скопје. На работилницата учествуваа претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, управите на националните паркови, Ловечката федерација на Македонија, ЈП Македонски шуми, како и невладиниот сектор. На работилницата за подготовка на Акциониот план учесниците работеа на веќе постоечките активности дефинирани во Регионалната стратегијата за заштита на балканскиот рис, која беше изготвена во Пештани на 3-4 јуни 2008 година. Учесниците имаа задача да ги приоретизираат зададените активности, да предложат индикатори за нивно исполнување, да дадат одреден временски рок и да предложат одговорно тело за нивно реализирање.

Регионалната стратегија и Националниот акционен план беа изготвени во еден партиципативен процес со учество на сите засегнати страни. Во наредниот период очекуваме овие два документи да бидат потпишани и прифатени од МЖСПП и да служат како значајна алатка за заштита на балканскиот рис.

## Прогрес на проектот:
## „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ ВО БАЛКАНСКИОТ ЗЕЛЕН ПОЈАС“

Резултатите од двегодишните истражувања на природните вредности и социо-економските аспекти во регионот, беа презентирани на експертскиот состанок одржан на Пониква во мај 2009 година. Се очекува дека овие презентирани резултати ќе помогнат во реализирање на главната цел на проектот, воспоставување на ново заштитено подрачје на територијата на Осоговските Планини.

На состанокот присуствуваа 20-тина експерти кои активно се вклучени во реализирање на проектот. Секој од нив ги презентираше најзначајните резултати од одделната област на истражување, по што присутните дискутира и разменија мислења во врска презентираните резултати. Голем број од презентираните податоци за прв пат се наведуваат за Осоговскиот регион, што претставува успех во досегашното спроведување на проектот.

Сите овие податоци се од огромна важност и за локалната власт во овој регион за преземање следни чекори за развој, па оттаму, учесниците дефинираа идни насоки за развој на проектот и постигнување на главната цел.



*За разјаснување на сликата во регионот неопходни се и податоци кои ќе произлезат како резултат од истражувањата во текот на 2009 година. Со анализа и сумирање на сите податоци, ќе се изработи предлог зонирање кое понатаму ќе се моделира заедно со локалните чинители.*

Проект координатор: Деспина Китанова
kitanova@mes.org.mk

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИ ПЛАНИНАРСКИ ПАТЕКИ НА ЈАБЛАНИЦА

Планината Јабланица во иднина ќе биде дел од поголемо прекугранично заштитено подрачје (помеѓу Македонија и Албанија) или идниот НП Јабланица – Шебеник. МЕД, овој проект го спроведува заедно со партнерите ППНЕА од Албанија и Еуронатур од Германија со финансиска помош од Асоцијацијата на производители за теренска опрема од Германија.

Досега се идентификувани околу 70 km планинарски патеки кои како мрежа ја опфаќаат цела планина во правец север – југ. Чистењето на патеките и нивното соодветно маркирање ќе се одвива во 3 фази. Во првата фаза, која треба да се спроведе во текот на 2009 година, ќе се реализираат патеки во централниот дел на планината. Со воспоставувањето на планинарски патеки и на албанската страна, се реализира основната идеја на овој проект – прекугранични планинарски прошетки со цел запознавање со природните богатства со кои изобилува ова прекугранично заштитено подрачје Јабланица – Шебеник.





euroNATUR

# ЗАШТИТА НА МРШОЈАДЦИТЕ ВО ДЕМИРКАПИСКАТА КЛИСУРА



На 16.07.2009 година во Демир Капија МЕД одржа јавна презентација на резултатите од реализацијата на проектот „Заштита на мршојадците во Демиркаписката Клисура“, финансиран од страна на BirdLife International и LUSH Ltd. На презентацијата, покрај Градоначалникот на општина Демир Капија г-дин Трајче Димитров, присуствува и повеќе членови на советот, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), невладини организации, јавни претпријатија, приватни претпријатија, медиуми и други. По презентирањето на резултатите, дискусијата се одвиваше во насока на продолжување на активностите (по престанокот на финансирањето од страна на донорите), изнаоѓање на финансиски средства, промовирање на мршојадците како еден од заштитните знаци на Демир Капија, проширување на територијата на заштитеното подрачје Демир Капија од III Категорија - споменик на природата, и слично.

За истакнување е силната поддршка која МЕД ја доби од локалната власт и од МЖСПП за продолжување со мерките за заштита на мршојадците, која, исто така, постоеше за целото време на реализација на проектот. Проектот резултираше со зголемување на бројноста на белоглавите мршојадци во Клисурата од три (четири) на седум двојки во периодот 2007 – 2009 година, додека бројот на египетските мршојадци остана непроменет, само две двојки.

## МЕД во BirdLife International

Светскиот Совет на BirdLife International на седницата одржана на 28 мај 2009 година ја прифати апликацијата на Македонското еколошко друштво да претставува подружница на оваа најголема светска асоцијација за заштита на птиците. На прифаќањето на апликацијата претходеше евалуација на структурата и работата на МЕД (извршена од страна на г-дин Александре Винтчевски во ноември 2008 година) и позитивната препорака од страна на Европскиот Комитет на BirdLife International (¼ануари 2009). За време на евалуацијата беа идентификувани и насоки кон кои МЕД треба да работи во иднина, а денес претставуваат пречка за добивање на статус на рамноправен партнер, процес кој вообичаено трае помеѓу четири и шест години. Со прифаќањето на статусот на подружница, МЕД, исто така, се обврзува и активно да учествува во исполнувањето на стратегијата и програмата на BirdLife International во Македонија.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗАШТИТА НА

# ЗНАЧАЈНИ РАСТИТЕЛНИ ПОДРАЧЈА

Проектот за „Идентификација и заштита на значајни растителни подрачја", кој МЕД го започна во 2007 година, заврши официјално во мај, 2009 година. Како краен продукт, тимот кој работеше на овој проект подготвува книга која е сè уште во процес на изработка. Книгата би претставувала клучна алатка за складирање на сите информации поврзани со веќе идентификуваните Значајни растителни подрачја (ЗРП) во Македонија. Важните информации за секое ЗРП одделно ќе се однесуваат на: локацијата, надморската височина, главните типови станишта, растителните видови според IPA критериумите, искористување на земјиштето, заканите, управување со подрачјето и статусот на заштита.

Она што останува да се спомне по завршувањето на проектот се проблемите во врска со заштитата на овие важни подрачја за растителните видови. Заштитените подрачја и нивното управување бараат високи средства и би биле изводливи само за дел од овие ЗРП во Македонија, каде што потребните ресурси се обезбедени во рамките на постоечки заштитени подрачја. Политиката и легислативата што се наоѓаат во позадина на овој процес (зависен од владините органи) бара премногу време за да се оформи и воспостави. Сепак, за земјите како Македонија, заштитата на растенијата или ваквите ЗРП може да биде иницирана и водена од страна на локалните самоуправи. Вклучувањето на локалното население во овој процес може да донесе само обострани бенефиции: заштита на растенијата и зголемување на бројот на ЗРП и придобивки за веќе вклученото население. Овој процес укажува на подобро разбирање на одржливото користење на ресурсите што ги нудат овие подрачја.



Освен националната публикација, информации за резултатите од ЗРП во Македонија ќе бидат презентирани и во вториот дел од официјалното регионално издание за ЗРП во Југоисточна Европа што го подготвува главниот партнер во овој проект - Plantlife International.



PLANTLIFE

PLANTA EUROPA

Floron

# Конкурс за поднесување Проектни концепти/Предлог проекти за 2009 за поддршка на работата на млади еколози

Во рамките на проектот за зајакнување на капацитетите на Македонско еколошко друштво, како дел од активностите на друштвото за поддршка на научно-истражувачка работа на студенти и ученици од Македонија во областа на екологијата и заштитата на животната средина, во мај 2009 година, МЕД објави повик за поднесување проектни концепти/проекти за доделување мали грантови. Поддршката и доделувањето на мали грантови од МЕД ги имаше следните цели:

- Поддршка и мотивирање на работата на млади еколози,
- Подигнување на јавната свест,
- Промовирање на екологијата како наука,
- Ширење на еколошките знаења и унапредување на еколошкото образование,
- Подобрување на заштитата на животната средина,
- Проучување и заштита на биодиверзитетот и природата.

Финансиските средства за поддршка на проектите за 2009 година, ги обезбеди МЕД.
На адресата на МЕД пристигнаа вкупно 16 предлог проекти од областа на екологијата и заштитата на животната средина.
Евалуацијата на предлог-проектите ја спроведе комисија составена од членови на МЕД, во согласност со целите на повикот и повеќе интерни критериуми за оценување, усвоени од страна на председателството на МЕД. Како резултат на спроведената евалуација, девет проекти беа оценети како најдобри и воедно одобрени за финансирање од претседателството на МЕД, и тоа:

| Наслов на предлог-проект | Одговорно лице |
|---|---|
| Истражување на биодиверзитетот на централниот масив на Шар Планина | Истражувачко друштво на студенти биолози |
| Дневните пеперутки како биолошки индикатори за човековото влијание врз животната средина во Струшкиот регион | Драган Арсовски |
| Определување на степенот на рецентна и палео еутрофикација на Охридското Езеро | Александра Цветкоска |
| Компаративна студија на габи и лишаи-индикатори на аерозагадувањето во урбаните подрачја на Скопје, Велес и Тетово | Тодор Токов |
| Проучување на биолошката разновидност на терестричните гастроподи на планината Плачковица | Трајче Митев |
| Испитување на загадувањето на воздухот со тешки метали во Кавадарци и неговата околина | Катерина Бачева |
| Изложба на еколошки фотографии од Осоговските планини | Лиде Стојановска |
| Популациски истражувања на херманиевата желка (*Testudo hermanni*), рибарката (*Natrix tessellata*) и поскокот (*Vipera ammodytes*) на островот Голем Град | Богољуб Стеријовски |
| Макроинвертебратите и рибната фауна од реката Пчиња - структура на заедницата и проценка на еколошкиот статус на екосистемот | Донка Петрова |

Проектите започнаа со реализација во јули 2009 година и се очекува да завршат во декември 2009 година.
МЕД се надева дека оваа иницијатива ќе се покаже како одличен пример за поддршка и стимул на работата на младите еколози од Македонија, како и заедничка соработка која воедно ќе иницира интерес за нивно идно вклучување и придонес во работата на МЕД. Се надеваме дека оваа иницијатива ќе продолжи успешно да се спроведува и во иднина.